РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИКА Е МАКЕДОНИСЕ СЕ ВЕРИУТ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
МИНИСТРИА Е БУЈКЕСИСЕ, ПУЛТАРИБЕ ДНЕ ЕКОНОМИСЕ СЕ УЈЕРАВЕ
Бр.-Nr. 103-11012/2
20. 11. 2026 год.-vit/a.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 67 став (3), а во согласност со Глава VII јавни овластувања од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/21 и 212/26), Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа објавува:

ЈАВЕН КОНКУРС
за давање на јавно овластување за вршење на задачи од областа на здравјето на растенијата

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Растенијата како добра од општ интерес имаат посебна заштита утврдена со Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/21 и 212/26).

Нарачател на јавниот конкурс е Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство – Фитосанитарна управа.

Право на учество на јавниот конкурс имаат сите правни и физички лица кои ги исполнуваат општите услови утврдени во член 67 од Закон за здравјето на растенијата, како и поблиските услови утврдени со Правилникот за поблиските услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр.12/2011 и 60/2015).

Јавниот конкурс за давање на јавни овластувања од областа на здравјето на растенијата трае десет (10) работни дена од денот на неговото објавување.

II. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ КОНКУРС

Предмет на јавниот конкурс е давање на јавни овластувања за вршење на задачи од областа на здравјето на растенијата дефинирани во член 72 точки 3, 4, 5, 6 и 9 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14, 149/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.150/21 и 212/26).

III. ВИД НА ЗАДАЧИ ЗА КОИ СЕ ДАВА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со решение дава јавно овластување на правни и физички лица за извршување на следниве задачи:

- следење, прогнозирање, детерминирање и одредување на мерки за заштита од штетни организми;
- анализа и евалуација на статусот на здравјето на растенијата со цел дефинирање на појавеноста и ширењето на штетни организми во земјата и надвор;
- подготвување процени на ризикот во случај на ризик од појава или откривање на нови штетни организми, давање технички инструкции и мерки;
- елаборирање на технички бази на податоци при утврдување на заразени области, области под закана од напад, посебно регулирани области и заштитени зони и

- спроведување мерки за спречување, сузбивање и истребување на штетни организми.

Заинтересираните правни и физички лица можат да поднесат пријава за добивање на јавно овластување за извршување на сите задачи или поединечно за некоја од горенаведените задачи.

IV. УСЛОВИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дава јавно овластување на правни и физички лица кои ги исполнуваат општите услови утврдени во член 67 од Законот за здравјето на растенијата, како и поблиските услови утврдени со Правилникот за поблиските услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр.12/2011 и 60/2015).

Во однос на стручниот кадар носителите на јавни овластувања треба да имаат вработено најмалку едно лице со најмалку високо образование од областа на земјоделските науки, смер заштита на растенијата или специјализација од областа на заштитата на растенијата, додека за областа на шумарството треба да имаат вработено најмалку едно лице со најмалку високо образование од областа на шумарските науки и специјализација од областа на заштитата на растенијата, со работно искуство од најмалку три години.

V. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ

Рок за поднесување на понудите е десет (10) работни дена од денот на неговото објавување.

Пријавите заедно со придружната документација се доставуваат во затворен коверт со назнака на предната страна на ковертот „Пријава за јавно овластување" на следнава адреса: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фитосанитарна управа, ул. Ленинова бр.2, 1000 Скопје.

VI. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ НА ПРИЈАВАТА И ПРИДРУЖНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Заинтересираните субјекти образецот на пријавата можат да го превземат од веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство www.mzsv.gov.mk

Потребна придружна документација која се доставува кон пријавата:

1. ПРАВНИ ЛИЦА

- Тековна сотојба не постара од 6 месеци (копија)
- М1/М2 образец за вработениот стручен кадар (копија);
- Доказ за завршено високо образование на стручниот кадар од областа на земјоделските науки, насока заштита на растенијата или специјализација од областа на заштита на растенијата или за областа на шумарството доказ за високо образование од областа на шумарските науки и специјализација од областа на заштита на растенијата (нотарски заверени);
- доказ за најмалку три (3) години работно искуство во напред наведените области;
- доказ за исполнување на поблиските услови предвидени во Правилникот за поблиските услови за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ" бр.12/2011 и 60/2015) и
- ценовник по кој носителите на јавни овластувања ќе ги извршуваат задачите за кои поднесуваат пријава и тоа поединечно за секоја од задачите наведени во точка III. на овој Јавен конкурс.

2. ФИЗИЧКИ ЛИЦА

- Доказ за завршено високо образование на стручниот кадар од областа на земјоделските науки, насока заштита на растенијата или специјализација од областа на заштита на растенијата или за областа на шумарството доказ за високо образование од областа на шумарските науки и специјализација од областа на заштита на растенијата (нотарски заверени);
- доказ за најмалку три (3) години работно искуство во напред наведените области;
- доказ за исполнување на поблиските услови предвидени во Правилникот за поблиските услови за просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ“ бр.12/2011 и 60/2015) и
- ценовник по кој носителите на јавни овластувања ќе ги извршуваат задачите за кои поднесуваат пријава и тоа поединечно за секоја од задачите наведени во точка III. на овој Јавен конкурс.

VII. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Критериум за избор на носители на јавни овластувања е исполнување на општите услови утврдени во член 67 од Законот за здравјето на растенијата, како и поблиските услови утврдени со Правилникот за поблиските услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата („Службен весник на РМ“ бр.12/2011 и 60/2015), наведени во точка IV. на овој Јавен конкурс.

VIII. ПОСТАПКА

Постапката на отворање и оценување на пријавите ја врши Комисија назначена од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Отварањето, разгледувањето и оценувањето на пријавите е јавно.

Овластени претставници на субјектите може да бидат присутни на отворањето на пријавите.

Пријавите со нецелосна документација може да бидат комплетирани во рок од осум (8) дена од приемот на известувањето, во спротивно понудата ќе се смета за некомплетна, нема да биде разгледана, и за истото понудувачите ќе бидат известени.

Јавното овластување се дава во форма на решение од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од 30 дена од денот на завршувањето на јавниот конкурс.

Носителите на јавните овластувања се одговорни пред Министерството за земјоделството, шумарството и водостопанство - Фитосанитарната управа за спроведување на задачите за кои им се доделени јавните овластувања.

IX. ПОЧЕТОК И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА

Времетраењето на издадените решенија за давање на јавни овластувања изнесува три (3) години, сметајќи од денот на неговото издавање.

X. КОНТАКТ ЛИЦА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОДАТОЦИ

Контакт лица за дополнителни информации во врска со постапката за давање на јавни овластувања се:

Билјана Талеска

е маил: biljana.taleska@mzsv.gov.mk

Калина Алтанџиева
е маил: kalina.altandzieva@mzsv.gov.mk

Образец на пријавата за учество во постапката, Законот за здравјето на растенијата и Правилникот за поблиските поблиските услови во однос на просториите и опремата за давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата можат за се преземат од веб страницата: www.mzsv.gov.mk

XI. ДАТА, МЕСТО И ВРЕМЕ НА ОТВАРАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Пријавите ќе бидат отворени во 10 часот, првиот наредeн работен ден по завршувањето на јавниот конкурс во просториите на Фитосанитарната управа при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на ул. Ленинова бр.2, 1000 Скопје.